Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Деветта седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јануари 2022 година

Скопје, јануари 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Деветта седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 30 јануари 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 18:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Васко Ковачевски, директор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација во врска со План за производство на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за февруари 2022 година, со предлог - одлуки

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со План за производство на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје за февруари 2022 година, со нов текст на предлог-одлуки и согласно расправата на седницата ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Министерството за финансии.

2. Ја донесе Одлуката за преземање на мерка за обезбедување на дополнителни количини на електрична енергија во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство и Министерството за економија.

3. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје да ги превземе потребните активност за докапитализација на финансиските средства одобрени со Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје за следната редовна седница на Владата (вторник, 1 февруари 2022 година) да достави:

- Информација во врска со Барање за продолжување на рок на доспевање на фактури за испорачана електрична енергија за декември 2021 година од ЕВН Македонија АД Скопје и

- Информација со табеларен преглед колку финансиски средства се обезбедени од Владата, на кои посебни наменски сметки се алоцирани, за која намена истите се искористени, по која основа и колку финансиски средства се добиени за производство и за купување на електрична енергија, по која цена е продадена електричната енергија, колку е билансот на финансиска состојба на крајот на периодот, план со финансиски импликации за производство и продажба на електрична енергија во февруари и март 2022 година, со колкав капацитет работат производствените капацитети на електрична енергија во Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, како и план во врска со производството, потребите и цените на ТЕ-ТО АД Скопје.

Исто така, во идниот период, за секоја одлука за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија што ќе се достави до Владата, во прилог да се доставува и табеларен приказ во кој детално ќе се презентираат потребните дополнителни средства за наредните месеци кои треба да бидат обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 3**

По повод одбележувањето на 150 години од раѓањето на Гоце Делчев, Владата заклучи делегација во состав: доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, во име на Владата да присуствува на настанот во црквата Св.Спас на 4 февруари 2022 година.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:05 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**